НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Проект „Е-учество – Силни млади“

“E-PARTICIPATION – E(mpowered) YOUTH” [EPEY]

рег.број 2021-1-MK01-KA154-YOU-000008073

ДОКУМЕНТ СО МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО НАСОКА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПРИЛЕП

2022

СЕГА

Коалиција на младински организации

www.sega.org.mk

СОДРЖИНА

- Вовед 2
- Позиција 3
- Препораки за иницирање на младинско учество 4
- Препораки до Училиштата за зголемување на вклученоста и учеството на учениците во процесот на донесување на одлуки кои се од интерес на учениците 4
- Препораки до Општината за зголемување на вклученоста и учеството на младите во процесот на донесување на одлуки кои се од нивен интерес 5
- Младински иницијативи предложени од младите преку употреба на алатката Опин (opin.me) 6
- Младински иницијативи собрани од младите преку употреба на алатката Иницирај.мк (iniciraj.mk) 8
- Благодарност 10

Вовед

Овој документот со препораки/иницијативи од младите беше подготвен за време на имплементацијата на проектот „Е-учество – Силни млади“ (“E-PARTICIPATION - E(mpowered) YOUTH” [EPEY] со рег.број 2021-1-MK01-KA154-YOU-000008073) кој Коалиција на младински организации СЕГА го спроведува во рамки на Еразмус+ програмата, Клучна Акција 154 – Активности за младинско учество, финансиски поддржан од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност во Македонија. Проектот има за цел Зголемено младинското е-учество во процесите на донесување одлуки во општина Прилеп. Преку проектот се создаваа можности за младите да се вклучат, активираат и да научат да учествуваат во општеството а со тоа се работеше на подигање на свеста кај младите за важноста на учеството на младите во демократскиот живот и процеси, во исто време ги развиваа нивните дигитални компетенции користејќи дигитална платформа за е-учество. Проектот придонесе кон зајакнување на влијанието на младите преку нивното активно учество на заеднички настан со донесувачите на одлуки на локално ниво.

Користејќи го методот на електронско младинско учество иупотреба на веб страни како алатка за е-учество (opin.me и iniciraj.mk), младите од Прилеп дискутираа и иницираа предлози за подобрување на условите за живот како и подобрување на дијалогот меѓу младите и донесувачите на одлуки на локално ниво. Преку алатките за е-учество, се објавија вкупно 20 предлози/инцијативи од младите, кои се содржани во овој документ.

Позицискиот документ се базира на препораки/иницијативи предложени од повеќе од 200 млади, вклучени при реализацијата на процес на едукативни работилници со млади и последователни peer-to-peer работилници со ученици од 5те средни училишта во Општина Прилеп. Во рамките на проектот, како главна активност беше реализирана тридневна Конференција “Младинско е-учество за подобра заедница” на која учество зедоа 40 учесници, локални млади, претставници на граѓански организации, претставници на општински средни училишта и претставници на Советот на Општина Прилеп, кои заеднички ги разгледуваа младинските иницијативи произлезени од изминатиот

период но и развиваа свои предлози кои ги меѓусебно ги дискутираа. Во овој документ се вклучени сите препораки и младински иницијативи произлезени од локалните млади, низ активностите од проектот „Е-учество – Силни млади“.

Позиција

Младите луѓе индивидуално или како група имаат право, средства, простор, можност, каде што е потребно и неопходно и поддршка, слободно да ги изразуваат нивните ставови, да придонесуваат и влијаат врз донесување на одлуки во општеството за прашања кои ги засегаат, и да бидат активни во рамките на демократскиот и граѓанскиот живот на заедницата.

Преку активно учество, младите играат витална улога во нивниот сопствен развој, но и во развојот на нивните заедници, со што ги развиваат своите животни вештини, зајакнуваат знаење за човековите права и граѓанството и да промовираат позитивна граѓанска акција. Младинското учество придонесува за позитивен развој на младите. Истражувањата покажуваат дека младите луѓе кои се поддржани да учествуваат во донесувањето одлуки имаат поголема веројатност да имаат зголемена самодоверба и верба во себе, да практикуваат позитивни избори за кариера и да имаат поголема вклученост и одговорност во иднина.

Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки овозможува основа за граѓанска вклученост а со тоа создаваме силни инклузивни заедници. Младинското учество е неопходно за развој на граѓанскиот активизам бидејќи прави баланс на социјалните права и обврски кои ги имаат младите.

Во демократските, инклузивни и просперитетни општества, задолжително се вклучени младите во процесот на донесување одлуки. Електронското младинско учество (е-учество) е нов метод кој се користи во повеќето Европски земји. Коалиција на младински организации СЕГА преку бројни активности го промовира и пилотира методот и алатките за младинско е-учество. Во рамки на проектот „Е-учество – Силни млади“, СЕГА го промовираше е-учеството помеѓу локалните млади од Прилеп, претставници на граѓански организации и претставници на институции и локалната самоуправа. Во процесот беа пилотирани алатки за младинско е-учество преку кои младите имаа можност да ги постават своите размислувања и потреби во насока на подобрување на условите на живот во локалната заедница. Младинските иницијативи кои произлегоа во текот на активностите на проектот „Е-учество – Силни млади“ се директно насочени кон донесувачите на одлуки на локално ниво.

Младите луѓе, посебно малолетните млади, немаат простор да учествуваат во донесувањето на одлуки, а веќе имаат свои ставови кон појавите и процесите во локалната заедница кои нив ги засегаат. Користењето на новата технологија на компјутери и паметни телефони од страна на младите придонесува да се пронаоѓаат нови трендови и алатки за нивни учество.

Алатките за младинско е–учество кои Коалиција СЕГА ги применуваше во текот на спроведувањето на проектните активности (opin.me и iniciraj.mk) претставуваат дигитални оналјн алатки, кои лесно може да се употребуваат од младите со употреба на компјутер или мобилен телефон. Од друга страна младинските организации, советите на млади, училиштата, локалната самоуправа како и останатата јавна администрација, лесно би можеле да ги употребуваат а со тоа би промовирале можности и поддршка на младите луѓе. Алатките обезбедуваат квалитетна поддршка во процесот на вклучување на младите, нивно учество и се насочени кон прибирање на мислења, практични совети, предлог иницијативи за различни прашања од интерес на младите.

Препораки за иницирање на младинско учество

Во насока на вклучување на младите и нивно поголемо учество во процесот на донесување на одлуки, во рамки на тридневниот настан во Струга, учесниците дискутираа и дефинираа препораки за иницирање на младинско учество до општината и до училиштата.

Препораки до Училиштата за зголемување на вклученоста и учеството на учениците во процесот на донесување на одлуки кои се од интерес на учениците:

- Почести консултации со претставници од Училишното Собрание за прашања кои се од нивни интерес;
- Поголема вклученост на Советот на родители при реализација на различни активности;
- Вклучување и учество во Совет на родители;
- Вклучување на ученици во Училишниот одбор и Наставничкиот совет;
- Вклученост при избор на ученици за учество во проекти;
- Учество на Дете правобранител во некои од Наставничките Совети;

- Да се постават анонимни сандачиња за пофалби и жалби, и истите да бидат функционални;
- Вклучување на ученици во креирањето на Кодексот на однесување во училиштето;
- Вклучување на ученици во креирање и донесување на годишна програма на училиштето;
- Вклучување во уредување на училишниот двор и училишната зграда;
- Вклучување во процесот во оценување на учениците;
- Креирање на училишен е-весник за поголем проток на информации и вклучување на учениците при подготовка на истиот;
- Вклучување на учениците во избор на метод на предавање;
- Соработка помеѓу професорите и учениците при изготвувањето на годишната програма за работата на професорите;
- Создавање на средношколски медиум на општинско ниво, уредуван и раководен од страна на учениците;
- Реактивирање на работата на кариерните центри во училиштата и вклучување на учениците при креирање на програма за работа во истите.

Препораки до Општината за зголемување на вклученоста и учеството на младите во процесот на донесување на одлуки кои се од нивен интерес:

- Формирање на Младински Совет;
- Отворање на Младински Центар;
- Отворање на Канцеларија за млади;
- Поставување на Картичка за млади на веб – страната од Општината, каде би биле поставувани информации и содржини од интерес за младите;
- Отворен ден за младите кај Градоначалникот;
- Отворен ден за младите кај Членовите на Советот;
- Вклучување на предлози од младите за ставање на точка на дневен ред на Советот на Општината;
- Вклучување на предлози од младите за ставање на точка на дневен ред на Комисиите на Општината;
- Иницијатива до Општината за отворање на интерактивни клубови за подобрување на животот на младите и вклучување на млади во тие клубови;
- Консултирање на младите при организација на настани од страна на Комисијата за обележување значајни настани и празници

- Консултација на младите при изградба на нови објекти (спортски, рекреативни и културни)
- Младите да бидат консултирани при креирање во годишниот план за буџет на Општина Прилеп (буџет на млади)
- Вклучување на младите од рурални средини во развојот и напредок на земјоделството на локално ниво

Младински иницијативи предложени од младите преку употреба на алатката Опин (opin.me)

Во согласност со проектните активности, беа реализирани работилници за младинско е-учество кои беа проследени со работилници за врсничка едукација за е-учество. За време на овие работилници младите иницираа, дискутираа и ги дефинираа следните младински иницијативи до креаторите на младински политики на локално ниво во Општина Прилеп. Младинските иницијативи кои беа прибрани во овој процес беа разгледани и дополнително дискутирани и дополнети за време на тридневната Конференција која се организираше во рамки на овој проект.

Авто кино

Изградбата на Авто-кино младите ја гледаат како можност за нивно поврзување, дружба и начин на одвојување од претераното користење на социјални мрежи. Тие сметаат дека Авто киното треба да биде летен проект на Локалната самоуправа и најдобро е да биде направено на крај на градот или да се најде локација надвор од градот, сепак предлог на младите е да се лоцира кај сала Македонија или Амфитеатарот на Могилата на непобедените. Младите веруваат дека оваа идеја е уникатна и би привлекла внимание и посети од млади од соседните градови што би била одлична можност за вмрежување и поттикнување на социјалниот живот во Прилеп.

Младински Хаб

Оваа иницијатива, младите ја гледаат како приоритетна и сметаат на Општината да го реализира истото. Младите сметаат дека хабот треба да биде во центарот на градот поради поголема достапност на младите и во истиот очекуваат да има можности за нивна едукација и рекреација со што би се влијаело на благосостојбата на младите и би се влијаело на намалување на ставот кај младите „нема што да правиме во Прилеп". Оваа идеја, младите ја дискутираа подлабински и ја поистоветуваат со идејата за отворање на Младински Центар во градот.

Уредување на кејот на градската река

Младите гледаат на оваа идеја како приоритетна и од суштинско значење за сликата на градот. Сметаат дека Општината треба да превземе координација заедно со релевантните јавни претпријатија, преку организација на еколошки активности со цел поттикнување на свеста кај граѓаните и младите, да се исчисти и уреди кејот на реката. Идеите за уредување на кејот на реката вклучуваат: патеки за пешачење, трчање, велосипеди, зелен простор, клупи, корпи за ѓубре, пораки за важноста за чиста и здрава околина.

Кино

Да се заживее постоечкото кино во Марко Цепенков како неопходна потреба на младите за продуктивно исполнување на времето а со што би се редуцирале посетите во друг град со цел посета на кино. Дополнително, идеја на младите е можноста за сезонски и месечни билети.

Младински автобус

Оваа идеја е заснована на можноста младите да посетуваат одредени познати локалитети во Прилеп и околината преку утврдени релации со цел забава, рекреација но и едукација. Идејата се неделни тури преку кои младите ќе имаат можност за социјализација и квалитетно поминување на своето време. Иако голем дел од младите им се допаѓа оваа идеја и ја поддржуваат, сепак не сметаат дека е приоритет.

Лизгалиште на мраз

Дел од младите во Прилеп сметаат дека во нашиот град недостасува Лизгалиште на мраз – место каде младите ќе се забавуваат и рекреираат за време на зимскиот период. Идејата е зголемување на квалитетно поминато време и вмрежување на младите но и сите генерации на граѓани кои се заинтересирани за ваков тип на активности. Сепак младите би биле во фокусот и би добивале одредени попусти, групни билети, месечни или повеќекратни билети, итн.

Урбанизација на патот и околината на Маркови Кули

Марковите Кули се симболот на Прилеп, нешто што го карактеризира нашиот град. Младите сметаат дека е од важност да се врати целосното осветлување на патеката до крстот и карпите. Дополнително сметаат дека е добро да се направат патеки за возење крос и велосипеди со цел да се заживее овој дел од градот а младите ќе можат своето време повеќе да го поминуваат во природа. Во однос на одржување на овој дел, повторно како и во претходните иницијативи, сметаат дека Општината треба да превземе координација во насока на поттикнување активизам кај граѓаните преку организација на еко активности.

Мултимедијална соба

Дел од младите во Прилеп сметаат дека е потребно место – Мултимедијална соба, каде младите ќе може да ги јакнат своите дигитални вештини и да се стекнуваат со знаења од областа на безбедноста при работа на дигитални платформи, интернет, социјални мрежи, како и подобрување на компетенциите за работа со апликативен софтвер и многу други квалификации кои се имплементирани во процесот на дигитализацијата. Исто како и за младинската иницијатива за Младински хаб, младите сметаат дека може да биде во склоп на Младински центар во градот.

Младински иницијативи собрани од младите преку употреба на алатката Иницирај.мк (iniciraj.mk)

Како главна активност во рамки на проектот „Е-учество – Силни млади" беше организирана тридневна конференција на која учество зедоа 40 учесници од Прилеп и тоа ученици од сите средни училишта во Прилеп, претставници на сите средни училишта во Прилеп, претставници на Општина Прилеп како и претставници на младински граѓански организации кои делуваат во Прилеп. За време на тридневниот настан, се дискутираше за можноста за вклучување на младите во процесите на донесување на одлуки, се креираа препораки за засегнатите страни, беа разгледани младинските иницијативи од претходниот период како и дискутирани дополнителни идеи преку директно пилотирање на онлајн платформата **iniciraj.mk** за дигитално е-учество. Во продолжение на овој документ, се младинските иницијативи собрани за време на настанот преку алатката **iniciraj.mk:**

- Отворање на Младински Центар во градот во кој би биле вклучени програми за едукација на млади за различни теми, простор за уметност каде младите ќе ја подигаат свеста за културата, кафе бар / читална, итн.
- Општина Прилеп во соработка со бизнис секторот да обезбеди повеќе практиканства
- Изградба на Куглана
- Зголемување на бројот на велосипедски патеки
- Формирање на шинтерска служба за вдомување на кучиња скитници
- Поголема достапност и адаптирање на просторот во Прилеп за инвалиди

- **Обезбедување на простор за кампови надвор од градот**
- **Изградба на Затворен базен**
- **Зголемување на бројот на садници со јапонски цреши во центарот на градот**
- **Организација на еко акции во координација и поддршка на Општина Прилеп**
- **Уредување на запуштен општински простор во насока на реализација на некои од иницијативите**
- **Обновување на Паркот на Револуцијата Могила (некои од дадените идеи би можеле да бидат вклучени во овој проект)**
- **Изградба на Затворен парк за миленици**
- **Подобрување на услугите на автобускиот градски превоз преку почести сообраќања и постојки но и отворање на нови линии кои ќе сообраќаат во различни правци**
- **Бесплатен автобуски превоз за млади за неделни тури во природа**
- **Изградба на спортско–рекреативен центар / спортски комплекс**
- **Изградба на атлетска патека во Прилеп која бесплатно ќе може да ја користат сите кои имаат таква потреба или интерес**
- **Реновирање на спортско игралиште (населба Типски)**
- **Паркинг простор за адреналински спортови (картинг, слалом, дрифт натпревари, автомобилски собири) надвор од градот**
- **Доуредување на веќе постоечката Down hill стаза (патека)**

БЛАГОДАРНОСТ

Им се заблагодаруваме на сите млади и претставници на локални институции за посветеното време, поддршка и активно учество во процесот на имплементација на активностите од проектот **„Е-учество – Силни млади“**, како и за значајниот придонес во развивањето на препораките за подобрување на дијалогот меѓу младите и донесувачите на одлуки на локално ниво и дефинирањето на младинските иницијативи за подобрување животот во локалната заедница, кои се презентирани во овој документ.

Се надеваме дека Вашата улога ќе продолжи и во процесот на застапување за примена на препораките и реализација на младинските иницијативи!

Со почит,
Коалиција на младински организации СЕГА

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

www.sega.org.mk sega@sega.org.mk +389 48 429 390